РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 21-159/1
11.01 2023 год
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основ на член 23 став 2 од Законот за младиснко учество младисnки политики (,,Службен весник на РСМ" бр.10/2020) административниот службеник Даниела Милошевска како овластен службеник за млади го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализирани активности на Општина Крива Паланка**
**од делокругот на млади за 2022**

Во текот на 2022 година Општина Крива Паланка согласно своите надлежности и можности има превземено конкретни активности и реализирано проекти кои се однесуваат на делокругот на младите.

Согласно Законот за младинско учество и младински политики во февруари 2022 година, Општина Крива Паланка отпочна постапка за формирање на ЛМС, најпрвин преку формирање на Иницијативен одбор (15.02.2022 година), и формирање на Локалното собрание на млади на Општина Крива Паланка (14.03.2022 година).

Локалното собрание на млади распиша Јавен повик за предлагање на кандидати за членови на Совет на млади на општина Крива Паланка. Со тајно гласање Советот беше избран на 28.04.2022 и брои 5 члена со мандат од две години и со право на уште еден избор.Членството беше верификувано и од страна на Совет на општина Крива Паланка.

Преку проектот ,,ReLOaD2,, на програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Општина Крива Паланка во 2022 започна со форумски пристап за идентификување на проблеми, идеи, потреби и младински иницијативи. За нив ќе биде изработен проект од страна на ЗГ и ќе биде финансиран од страна на ,,ReLOaD2" и партиципативно учество на Општината.

Општина Крива Паланка во 2022 започна со активностите како дел од проектот ,,Младински активизам за позелени општини" кој има за цел да го зголеми и зајакне учеството на младите во политиките и процесите за заштита на животнатата средина. Овој проект започна со имлементација од 1.1. 2022 и ќе трае во период од 30 месеци и истиот е поддржан од Европска Унија.

Општина Крива Паланка постојано инвестира во инфраструктурни проекти каде главни корисници се пред се младите

-извршена е санација и обнова на целокупниот ентериер на кино салата во НУ Центар за култура, со нови гардеробери, соблекувални, сцена и поставен модерен систем за осветлување. Вкупната вредност на инвестицијата е околу 4,5 милиони денари,

-изградена е рекретивна пешачка патека ,, Бабин Дол,, што води кон манастирот ,,Св. Јоаким Осоговски,, во должина од околу 900 метри. Како дел од проектот изградени се корито и мост а поставено е осветлување и хортикултура. Овој проект е финсиран преку ИПА Програмата на ЕУ за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија.

- завршено е уредувањето на локалитетот Станечки водопади со направена и уредена патека кон туристичкиот локалитет и патека која води кон Ловечка куќа на Калин Камен во должина од 4.300 метри. Овој проект е дел од ИПА програмата на ЕУ за прекугранична соработка меќу Србија и Северна Македонија.

- доизградена е пешачко-рекреативната патека ,,Стара вада,, висока зона лев брег, во должина од околу 975 метри. Средствата се обезбедени од БРР преку СИПР.

- поставена е комплетно нова урбана опрема во градскиот парк со масички и клупи за седење и одмор

Како Општина инвестираме во подобрување на условите за спорт со поставување на тартан подлога во ООУ ,,Јоаким Крчовски" на кошаркарското и помошното игралиште и е надополнето со елементи за реализација на наставните програми.

- реализирано е премиерното издание на забавно – рекреативната спортска манифестација ,, Фудбал за сите" заедно со Фудбалската академија ,,Фудбал за сите" и Здружението ТАКТ од Скопје.

- организиран е првиот ,,Општински турнир во мал фудбал Крива Паланка 2022 година,,

- формиран е клуб во мал фудбал ,, Осогово 2022" а истиот е регистриран во ФФМ

- направена е целосна замена на осветлувањето во спортската сала ,,Бранители 2001" со штедливи лед светилки.

- доделени се стипендии за талентирани ученици, средношколци и студенти како и за најуспешните спортисти во екипни и индивидуални спортови а доделени се и субвенции за превоз на студенти.

Во декември месец е изработена Програмата за млади на општина Крива Паланка за 2023 како и Програмата за работа на Локалниот младиснки совет на општина Крива Паланка за 2023 и истите се усвоени од страна на Совет на општина Крива Паланка.

**изготвил**
овластен Службеник за млади
Даниела Милошевска

**одобрил**
Раководител на сектор за општи и правни работи,
финансиски прашања и локален економски развој
Мартин Николовски

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**